МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

ЦРТАЊЕ / ЦРТАЊЕ И СЛИКАЊЕ

ЗА I - IV ГОДИНА ЗА СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2005 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: *ЦРТАЊЕ / ЦРТАЊЕ И СЛИКАЊЕ*

1.2. Образовен профил, насока и струка на кои припаѓа наставниот предмет
1.2.1. Образовен профил: *техничар за дизајн на облека*
1.2.2. Насока: *примената ликовна уметност*
1.2.3. Образование: *уметничко*

1.3. Диференцијација на наставниот предмет: *предмет заеднички за насоката*

1.4. Година на изучување на наставниот предмет: *I , II, III и IV година*

1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: *4 часа во I , 3 во II , 3 во III и 3 во IV година.*
1.5.2. Број на часови годишно: *144 часа во I , 108 во II , 108 во III и 99 во IV година*

1.6. Статус на наставниот предмет: *задолжителен предмет*

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по цртање / цртање и сликање се:

- ученикот да се здобие со развивиени способности за перцепирање и откривање на линеарни содржини и други ликовни вредности во природата;
- да ја сфати фундаменталната улога на линијата и нејзините вредности во цртањето и другите ликовни подрачја (сликањето, скулптурата, графиката, архитектурата и применетата уметност - дизајнот);
- да стекне продлабочени теоретски сознанија од областа на ликовниот јазик и од историјата на уметноста и ликовната критика;
- да познава и да применува различни постапки во цртањето: поставување на цртежот во формат, визирање, конструирање, откривање пропорционални односи и друго;
- да има оформено креативни способности, развиена имагинација и оспособеност да трансформира и да истражува во ликовното изразување и примената на ликовните материјали и техники;
- да ја познава улогата на светлината во перцепирањето на предметите, забележување на светло-темни појави и особеностите на природната директна, дифузна и контра светлина и можностите на користење на вештачката светлина во осветлувањето на предметите од разни страни;
- да совлада и да применува разни материјали и техники за цртање (суви и влажни), помагала (висок, визирка и др.) и можности за комбинација;
- да умее да црта според природата (по набљудување), помнење и фантазија;
- да поседува позитивни работни навики и умешност за организација на работата.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Предуслов за совладувањето на програмските цели е ученикот да има стекнато интерес и љубов кон ликовните уметности, формирано одредени знаења и способности за ликовно изразување и творештво, согласно програмските содржини во основното образование и создадени културни навики. Исто така, учениците треба да поседуваат соодветни знаења и умеења од содржините на другите наставни предмети, особено од уметничката група предмети, музиката, литературата и другите сегменти на културата. Учениците да имаат развиено моторички способности според својата возраст и способност да ја согледаат корелацијата со наставните предмети сликарство, скулптура, графика, дизајн, теорија на форма и боја, историја на уметноста и др.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење и творење за I година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ВОВЕД	**4**	Ученикот: - да ги познава програмските содржини и наставниот план по предметот цртање; - да поседува сознанија за карактеристиките на цртањето како ликовно подрачје; - да ја сфати улогата на линијата и цртањето во ликовно-то творештво, применетата уметност и архитектурата; - да ја разбира функцијата на цртежот во ликовните уметности, науката и техниката; - да умее да ја организира работата и просторијата за работа.	Наставникот: - подготвува и покажува визуелен материјал; - анализира репроду-кции; - заедно со учениците ја уредува и просторијата и ја организира работата; - организира посета на изложба.	Историја на умет-носта - Дизајн продукт со технологија - Теорија на форма и боја
2. ПОЈАВА И ЗНАЧЕЊЕ НА ЦРТЕЖОТ	**4**	- Да се здобие со основните сознанија за појавата и развојот на цртежот; - да ја разбира улогата на цртежот низ епохите: култно - магиска, функционална и комуникациска; - да нацрта спонтано мотив според своја желба: по набљудување, помнење или фантазија.	- Разговара; - објаснува; - демонстрира; - покажува примери.	- Историја
3. ЛИНИЈА -видови линии	**8**	- Да разликува видови линии (права - крива), контурна и насока на линија (хоризонтална, вертикална и коса) и да ги користи во цртањето; - да набљудува, визира, споредува, скицира и црта; - да нацрта композиција составена од геометриски форми;	- Во соработка со учениците ја поставува мртвата природа со геометриски форми; - објаснува; коригира; демонстрира;	- Цртежи од познати мајстори: Леонардо, Енгр, Рафаел

		- да го користи моливот како ликовен материјал и техника за цртање.	- споредува ликовни дела со ист ликовен проблем.	
4. ПЛОШТИНА **-плошна форма**	**12**	- Да познава, разликува и користи во творечката работа видови плошни форми-геометриски и негеометриски; - да разликува (тактилно и визуелно) видови текстури како особеност на површината; - да црта композиција со плошни форми.	- Набљудува; - споредува; - демонстрира; - коригира.	- Архитектура - Геометрија - Теорија на обликувањето и дизајнот
5. ВОЛУМЕН **- волумен, форма, маса**	**12**	- Да ја воочува поврзаноста на формата - волуменот, масата и просторот; - да воочува и разликува видови форми (затворена отворена) и особеностите на волуменот - масата; - да црта едноставна композиција од геометриски тела; - да користи и да ја совлада уредно постапката на работа со различен сув цртачки материјал.	- Ги објаснува и демонст-рира карактеристиките на различни суви цртачки материјали; - дава инструкции; - набљудува, анализира; - ја објаснува разликата меѓу вистинска и илузија на форма; - коригира.	- Историја на уметноста - Цртање, сликање (илузија на форма) - Теорија на обликувањето и дизајнот
6. ФОРМА **- геометриска и негеометриска форма**	**28**	- Да разликува форми од органско и неорганско потекло и геометриски; - да разликува затворена и отворена форма; - да црта и прикажува скратување на форма; - да нацрта композиција на мртва природа од различни тродимензионални форми.	- Скицира, црта, споредува природни форми од органско и неорганско потекло; - коригира; - покажува примери од репродукци и оригинали.	- Биологија - Теорија на обликувањето и дизајнот

7. СВЕТЛОСТ **- видови светлост и осветлување**	**4**	- Да разликува видови светлост (природна и вештачка), директна, дифузна, светлост од страна и контра светлост; - да го воочува различното осветлување и појавата на светло - темни односи (светло-сенка); - да нацрта мртва природа осветлена од одреден агол.	- Демонстрира различно осветлување на предмети; - објаснува; - споредува; - коригира.	- Физика - Фотографија, филм, ТВ. - Теорија на обликувањето и дизајнот
8. ВАЛЕР **- валерски односи**	**16**	- Да ја забележува количината на светлината - валерот во бојата на предметот; - да добива валерска вредност (светло-темни односи) со користење на одреден цртачки материјал; - да користи различни валерски вредности во компонирањето на формите и плановите; - да поседува способност за користење на различни цртачки материјали и техники.	- Објаснува; - демонстрира; - споредува; - поставува прашања.	- Физика –откривање на валерот при споредување на црно-бела и колор фотографија на ист мотив
9. ЛИНИЈА **-видови линии и ритам**	**16**	- Да користи видови и ритам на линии во цртањето на мотиви од флората и фауната според гипсени модели; - да црта линеарно урбан пејзаж во пленер; -да користи различен течен цртачки материјал (туш, бајц, четка и една боја).	- Демонстрира; - објаснува; - дискутира; - коригира.	- Архитектура - Применета уметност - Теорија на обликувањето и дизајнот
10. ЛИНИЈА **-карактер на линијата**	**20**	- Да поставува, конструира и воочува пропорции при цртањето на античка глава според гипсен модел; - да користи видови и карактер на линии во цртањето на глава (античка-ренесансна) според гипсен модел: машка; женска.	- Разговара; - демонстрира; - објаснува; - врши коректури.	- Историја на уметноста (античка, ренесансна уметност)
11. ЛИНИЈА **-функција на линијата**		- Да ја воочува и сугестивно да ја применува функцијата на линијата во приказот на глава (форми и детали) според гипсен модел; детска; глава на	- Објаснува карактеристики на античката скулптура.	- Античка скулптура - Теорија на

		старец; - да се оспособи за приказ на светло - сенката на форми со користење на карактер и видови линии.		обликувањето и дизајнот
12. РАЗОЈ НА ЛИКОВНИОТ КРИТЕРИУМ - посета на музеи	**8**	- Да има формирано навики за перманентна посета на музеи, галерии и споменици на културата; - да се здобие со ликовен критериум соодветно на возраста и барањата на струката; -да воочува естетски вредности во природата, ликовните и другите уметнички дела.	- Објаснува; - покажува; - поставува прашања.	- Историја на уметноста - Географија

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4. 1.2. Структуирање на содржините за учење и творење за II година

Тематски целини	Број на часови	КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ВОВЕД	**3**	Ученикот: - да се посети преку краток осврт за наставниот процес во I година за совладаните и недоволно јасни содржини; - да разговара за нивната активност во текот на летниот распуст; - да учествува во прегледот и да ги коментира и анализи-ра на ликовните творби работени во текот на летниот распуст; - да го запознае наставниот план и програмските содржини за II година; - да набави соодветен прибор и материјали за работа.	Наставникот: - реализира уводно излагање; - разговара со учениците и врши ликовно естетска анализа; - демонстрира нови материјали.	- Историја на уметноста - Сликарска технологија - Филозофија – (естетика)

2. ЛИНИЈА	**15**	- Да црта портрет по природа (машки, женски, возрасни, стари) со користење природна светлост, материјали: хартија за цртање и моливи; - да компонира и конструира главата како целина и деловите; да воочува пропорции и соодноси, движење и скратувања (перспектива); - да се информира за студијските изразни можности на линијата со демонстрирање на примери; - да открива нови вредности на линијата во делата на познатите мајстори на цртежот, како елемент за опишување на формата и просторот.	- Го поставува мотивот (модел) и ги објаснува целите; - демонстрира начини на реализација; - покажува и анализира визуелен нагледен материјал; - коригира групно и индивидуално	- Историја на уметноста - Стручна лигтература (учебници, репродукции, слајдови, филмови
3. СВЕТЛО - ТЕМНО	**15**	- Да реализира студија на мртва природа (ентериерска) од предмети во црно - бели (ахроматски) тонови: гипсена глава и гипсени релјефи; - да изработи студија на мртва природа (ентериерска) од предмети во црно - бели (ахроматски) тонови: гипсена глава и релјефи, драперни (бели, сиви, црни) и предмети; користење дневна умерена светлина; материјал: хартија, картон, темперни бои и гваж; - да умее реалистички да го нацрта мотивот, вооочу-вајќи ја тематската и ликовна содржина, обраќајќи внимание на композицијата на светло – темните односи, основните маси, градба – архитектоника и насоки; - да ја наслика мртвата природа со валери на светло - темни тонски односи; да ја одреди целосната валерска вредност на видното поле, да ги дефинира најсветлите и најтемните валери и светлосните разлики на тоновите меѓу овие крајности; - да постигне тридимензионалност на предметите и просторот.	- Теоретски ја објаснува поставената задача; -демонстрира примери (успешни творби од претходните генерации, репродукции и слајдови); - покажува примери на зависност на валерот од осветлувањето.	-- Теорија на обликувањето и дизајнот - Историја на уметноста -Технологија на скулптурата

4. БОЈА	**15**	- Да црта и слика мртва природа од предмети идејно и ликовно осмислени и компонирани, да користи темперна техника на платно или на картон; - да ја компонира творбата; - да го изрази карактерот на предметите преку цртежот, формите и бојата.; - да добие стручно-теоретски познавања за светлоста и бојата; да научи да ги употребува сите бои, хроматски и ахроматски и преку мешање на боите да ги пронаоѓа соодветните бои и нијанси, да ги разликува својствата на бојата кои влијаат на формата и плановите (топло - ладен контраст на боите, комплементарен контраст).	- Ја поставува задачата, ја објаснува; - Држи предавање за бојата (настанкот, свет-лина и боја, обликот и бојата, комплементарни бои, меѓусебно делување на боите, топли и студени, хармонија на бои и др. - демонстрира, корегира, анализира, индивидуално и групно.	- Историја на уметноста -Технологија
5. ТЕКСТУРА	**21**	- Да изработи студија на полуфигура, фигура во ентериер, (цртеж и слика), користи материјали: јаглен, креда, пастел, туш, хартија, бои, платно, картон, несликарски материјали (лепило, материјали за колаж); - да компонира фигура во простор, да ги совладува пропорциите, движењето, скратувањата, конструкцијата; да ги анализира површините на мотивот по облик, боја, светлина, тектура; - да обработува имитативна и природна текстура со аплицирање на несликарските материјали (колаж).	- Ги упатува учениците кон цртањето и сликањето на фигура. - објаснува, демонстрира, коригира, анализира дела од автори кои обработуваат фигуратив-ни композиции; - анализира текстури и ги мотивира учениците да експериментираат.	-Теорија на обликувањето и дизајнот -Технологија - Историја на уметноста
6. ПРОСТОР	**15**	- Да црта и слика пејзаж, градски мотив – архитектура, дрвја и фигури); материјал: молив, перце, туш, лавир, темперни, акварелни и гваш бои; - да изработи композиција на мотиви со користење на законите на перспективата (хоризонтална линија, точка на гледање);	- Го поставува и анализира мотивот; - учествува во организа-цијата на работата, демонстрира начини на работа;	- Стручна литература -Теорија на обликувањето и дизајнот - Историја на

		- да владее со пропорциите, да ги одредува просторните планови, внимателно да истражува и да ги аналаизира податоците од природата - светлоста, бојата, атмосферата (реалистичност на моментот – доживувањето).	- дискутира, анализира, храбри, мотивира.	уметноста -Технологија
7. ВИДОВИ ФОРМИ	**15**	- Да црта и слика фауна и флора во природонаучен музеј и зоолошка градина и користење материјал: перце, четка, туш (лавир) акварелни и гваж бои; - да го збогатува интересот кон други теми - се запознава со богатството на природните облици и бои; - да ги развива способностите за скицирање и бележење на движењето.	- Го поттикнува истражувачкиот однос кон животот и околината; - упатува кон послободно изразување на формата и содржината.	- Анатомија на животните - Теорија на форма и боја - Историја на уметноста
8. РАЗВОЈ НА ЛИКОВНИОТ КРИТЕРИУМ	**9**	- Да посетува: предавања, изложби, ателјеа, да следи ликовна критика, да ги искажува своите мислења за тековните ликовни настани.	- Иизбира ликовни манифестации, дискутира, анализира автори и дела по оригинали и репродукции.	- Историја на уметноста -Теорија на обликувањето и дизајнот

4.1.3 Структуирање на содржините за учење и творење за III година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
ВОВЕД	**5**	Ученикот: - да ги запознае програмските задачи, наставниот план и начинот на реализација, да ги опишре своите активнос-ти за време на летниот распуст поврзани со ликовната уметност; - да ги согледа и спореди своите творби работени за	Наставникот: - ја насочува дискусијата, испрашува, пофалува, критикува, анализира.	- Ликовна култура

		време на летниот период со творбите на другите ученици.		
1. ЛИНИЈА	**25**	- Да црта предмети по природа (мртва и жива природа); - да компонира во ликовна целина предмети со линеарни облици, со разновидните особини на линијата; да реализира студиски цртеж; - да се изразува со различен материјал за цртање: молив, креда, туш, перце, четка (лавир).	- Ги мотивира учениците; - објаснува, демонстрира, коригира ; - ги упатува во изразните особености на материјалите.	-Теорија на обликувањето и дизајнот -Психологија -Технологија - Историја на уметноста
2. БОЈА	**25**	- Да го открие значењето на бојата во градењето на сликата; - да се служи со сите бои (без ограничувања); - да размислува за хармонија на боите; - да ја компонира сликата внимавајќи на секој ликовен елемент - особено на валерската и колористичката хармонија; - да практикува точен цртеж и локален тон - боја; - да нацрта и наслика мртва природа од предмети, овошје, цвеќе и сл. применувајќи темперни и акрилни бои.	- Го поставува мотивот и ја објаснува проблемати-ката; - демонстрира и анализи-ра дела и автори, корис-тејќи го методот на разговор и дијалог.	-Теорија на обликувањето и дизајнот - Историја на уметноста - Технологија
3. СВЕТЛО СЕНКА	**30**	- Да црта и слика портрет по природа како студија a) - да нацрта портрет гледан од профил, анфас и тричетвртина (композиција на еден лист хартија); b) - да наслика портрет по природа во темперна или пастелна техника; - да ги совлада:композицијата, конструкцијата, карактерот на моделот светло-темната организација на површините и тонско градење на формата.	- Ја анализира проблема-тиката на задачата; -упатува на можните начини за решавање, ја следи работата на учениците; - коригира, дискутира вреднува.	- Анатомија -Технологија - Историја на уметноста - Психологија -Теорија на обликувањето и дизајнот
4. ПРОПОРЦИ -	**25**	- Да се запознае со пропорциите, нивната суштина и	- Објаснува, разговара за	-Теорија на

ЈА		примена при создавањето на ликовната творба; - да ги познава пропорциите како односи меѓу деловите на фигурата, фигурата со просторот и предметите што ја окружуваат; -да размислува и открива нови можности на пропорцијата како ликовен елемент и да ја применува во творењето; -да нацрта студија на фигура по природа (жив модел) со јаглед или креда во една боја со додаток на бела и црна пастелна боја.	пропорциите; - покажува репродукции на кои можат да се согле-даат пропорциите; - покажува примери на *златно сечење* на дела од класични и модерни автори.	обликувањето и дизајнот - Историја на уметноста - Филозофија -- естетика - Психологија
5. ПРОСТОР	**20**	- Да добие основни теоретски познавања за физичкиот (реалниот) простор; - да се информира за начините на ликовно - уметнички-те интерпретации на просторот во ликовната уметност; - да применува перспективно прикажување на просторот преку градација на пропорциите, плановите, валерите, тоновите и бојата; - да нацрта урбан простор (градски мотив); - да скицира пејзажни и други мотиви; - да наслика пејзаж со претходно подготвени скици; - да ги усовршува континуирано (во ателје и други места) техничко - технолошките способности за работа со лавир, акварел, пастел, гваж и темпера.	- Мотивира, објаснува, помага во работата индивидуално и во групи; -а нализира дела по оригинали, репродуции, слајдови од странски и македонски автори; - дискутира; - анализира фриз и перпектива.	-Теорија на обликувањето и дизајнот - Технологија - Историја на уметноста
6. ЛИКОВНО УМЕТНИЧКИ КРИТЕРИУМ	**5**	- Да посетува изложби, галерии, музеи, предавања, културни центри, библиотеки, филмови, ликовни ателјеа на афирмирани уметници; - да стекнува навики за следење на ликовно-уметнички-от живот во слободно време.	- Избира културен настан, изложба, предавање, балетска претстава, филм, ликовен уметник и др. организира групна посета и дискутира, анализира.	- Историја на уметноста - Театар, филм - Литература - Филозофија - Архитектура - Музика

4.1.3 Структуирање на содржините за учење и творење за IV година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1.ВОВЕД	**6**	Ученикот: - да ги запознае програмските содржини и можностите за нивна реализација; ги изложува домашните задачи работени за време на летниот распуст и ги коментира во соработка со учениците и наставникот; - да се запознае со можностите за продолжување на своето образование по вертикала, критериумите за приемен испит на ФЛУ и насоките за подготовки во текот на годината. -	Наставникот: - објаснува; -ја координира дискусијата; - демонстрира; - анализира.	-Теорија на обликувањето и дизајнот
2. СТУДИЈА	**18**	- Да ги примени во ликовната работа стекнатите знаења за композицијата конструкциските анализи, анатомија-та, перспективата, скратувањата, карактерот на моде-лот, формата, просторот, светлоста и др.; - да изработи струдија на полуфигура (машка или женска) портертна реализација во целина со трупот и рацете; - да демонстрира солидно владеење на јагленот како цртачки материјал; - да наслика студија на полуфигура; - да прикаже колористички сензибилитет и хармонија со другите ликовни елементи; - да гради студија во чисти хармониски односи;	- Усно ги изложува насоките на студијата; - покажува и анализира нагледен материјал: репродукции и слајдови; - извршува корекции.	-Теорија на форма и боја - Сттручна литература (учебници и др.) -Историја на уметноста -Технологија

		- да употреби сликарски материјал и техника (по сопствен избор) во која може да ја рефлектира сопствената индивидуалност.		
3. ВАЛЕР	**15**	- Да направи композиција на тонско - валерски односи (да го одреди целосниот тоналитет на сликата); - да ги постави на творбата најсветлите, најтемите и средните тонско-валерски вредности и постепено да ги решава преодите измеѓу нив; - да научи да гради форма со примена на богата валерска скала на една боја; - да научи да ја совладува маслената и акрилната сликарска техника: - да наслика портрет по жив модел;	- Теоретско - демонстративно го иницира проблемот - анализира примери од старите мајстори кои се додостојни за следење (Леонардо, Рафаел, Холајн, Веласкец, Рембронд и др.; - коригириа и вреднува.	- Теорија на форма и боја - Истроија на уметноста - Техонологија - Психологија
4. БОЈА	**18**	- Да истражува и размислува за бојата, да ги користи досегашните искуства и знаењата за бојата како ликовен елемент; -да ја осмислува творбата давајќи главно значење на бојата во креацијата на сликата; - да црта поставка на фигура во простор; - да слика фигура во простор; -да компонира фигурата во просторот, да внимава на конструкцијата, карактерот, движењето, светлоста, текстурата и особено на тонско колористичкото градење на композицијата; - да ја искаже личноста - да користи маслени акрилни бои, темперни и гваж бои во зависност од сопствениот афинитет; да се служи со транспарентни и густи нанесувања, потсликува и слоевито ја гради сликата.	- Ја анализира проблема-тиката која ја содржи задачата; - прикажува репродукции и слајдови; - по пат на дијалог и набљудување на мотивот ги открива храматските богатства на локалните бои на предметите.	- Историја на уметноста -Теорија на обликувањето и дизајнот - Технологија - Физика
5. ХАРМОНИЈА	**15**	- Да црта и слика акт по жив модел (женски акт); - да ги истражува, открива и ги применува меѓусебните	- Теоретски ја објаснува задачата;	

		хармониски односи во пропорциите, движењето, ритамот, формите, линиите, волуменот, текстурните и други значајни елементи за ликовниот израз и естетика на сликата; - ги открива и правилно г ипримeнува хармониските правила за соодносите на боите (хармонијата по сличност, хармонија на тријада); - се служи со материјал по сопствен избор.	- ги мотивира учениците да истражуваат; - посочува примери за значењето на хармони-јата; - дискустира; - насочува; - анализира.	
6. КОМПОЗИ-ЦИЈА	**21**	- Да избере тема, да направи идејни решенија, да нацрта и наслика композиција по меморија; - да ги примени послободно и креативно целокупните знаења за цртежот, бојата, формата, просторот, перспективата, ритамот и др.; - да ја искаже личната определба за стилот на изразува-ње; - да избере при реализацијата материјал и техники по сопствен афинитет; - да биде спремен да ги брани личните ставови.	- Наставникот индиви-дуално го гради ставот кон ученикот, имајќи го во предвид неговиот потенцијал; - објаснува, демонстрира, анализира, има толелран-тен однос кон почетните слабости во реализација-та на сложените задачи.	- Теорија на форма и боја - Историја на уметноста - Психологија на творењето - Филозофија
7. ЛИКОВЕН КРИТЕРИУМ	**6**	- Да посети ателје на докажан уметник и да води разговор со него; да анализира личности и дела кои се блиски кон неговите сваќања на животот и уметноста; писмено да ги формулира своите ставови кон уметноста.	-Ја координира работата; - изнесува свои мислења, ја анализира, творечката активност на ученикот.	- Историја на уметноста - Психологија на творењето - Теорија на форма и боја

4.2. Наставни методи и активности на учење

За остварувањето на целите на наставниот предмет **цртање / цртање и сликање** ќе се применуваат следните наставни форми и методи: фронтална (во теоретскиот тип на часовите и во дел на практично-творечкиот тип на часовите), индивидуална во

работата на учениците и вршењето на коректурите и работа во двојки и групи, ако се јави потреба. Ќе се користат различни методи: метод на разговор, демонстрирање, истражување и експериментирање во користењето на ликовниот јазик и ликовните материјали и техники, разгледување на репродукции, оригинални ликовни дела (во музеи, галерии и др.), скицирање и цртање за објаснување на мислата, следење на видеоснимки, објаснување на ликовни вредности и др.

Учениците ќе ги совладуваат наставните содржини преку набљудување, насочување на вниманието, независно учење, скицирање и цртање - студија на мртва природа, гипсен модел на глава и др.

Наставникот ќе користи различни постапки во работата: да ја организира работата, да подготви дидактички средства, да разговара, објаснува, дава упатства, демонстрира (преку скицирање, цртање), да врши коректури, да оценува, да организира посета на изложби, музеи, дизајнерски бироа и производни капацитети на работни организации и др.

4.3. Организација и реализација на наставата по цртање / цртање и сликање

Воспитно-образовните задачи ќе се реализираат претежно во ателјеа за цртање, а делумно и во пленер. Овој дел од стручната настава ќе се реализира во две полугодија со неделен фонд на часови и во вонучилишните индивидуални активности на учениците во вид на автономно творештво во слободното време, посета на музеи и галерии и друго.

4.4. Наставни средства и помагала

За развојот на творечките и ликовните способности на учениците во рамките на предметот **цртање / цртање и сликање** во функција на творечко-практичната работа, ќе се користат различни наставни средства: мртва природа од модели на геометриски и природни форми (тела), предмети од секојдневната употреба, форми изработени од жица или картон, гипсени модели на одливи на антички и ренесансни скулптури (портрети, релјефи), набљудување, цртање и сликање на мотиви од природата и непосредниот живот и др. Значајно место во работата ќе ззема непосредно набљудување и анализа на ликовни дела во музеи, галерии и јавни споменици-скулптури, фрескоживопис и др. За таа цел ќе се користат и репродукции, стручни списанија, уметничка енциклопедија и помагала како штафелај за цртање и сликање разни ликовни материјали др.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето на развојот на ликовните способности на учениците, нивните знаења и умеења на теоретски план, во творечката работа, во совладувањето на ликовните материјали и техники и проценувањето на резултатите, ќе се остварува постапно во текот на учебната година (тримесечјата, првото и второто полугодие). Тоа ќе се реализира преку: забележување на способноста на ученикот за откривање на ликовниот проблем, во изработката на скици, поставување на фигурата - мотивот во форматот на плоштината-хартијата, изработка на студија според поставен модел, способноста за точното забележување на целина и детали, чувство на однос на пропорциите на формите и деталите, согледување на неговата инвентивност, забележувањето на колористичкиот сензибилитет и др. Завршниот резултат треба да го одразува степенот на напредокот што го остварил ученикот низ наставниот

процес. Ако ученикот не постигне задоволителен резултат во совладувањето на програмските задачи, тој се упатува на поправен испит.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Основен услов за постигнување на висок квалитет во наставата е личноста на наставникот којшто треба да ги поседува следните **персонални, стручни и педагошки карактеристики:** да е физички и психички здрав, да има соодветно стручно образование, да биде обучен во рамките на барањата што ги поставува законот, да нема физички (говорни, визуелни) мани кои го попречуваат вршењето на дејноста и да поседува интелигенција и инвентивност и способности за квалитетна комуникација со учениците и други лица. Наставникот треба да е афирмиран ликовен уметник, да биде добар цртач, креативен во работата, да умее солидно да ја организира работата и настојчив во реализацијата на Наставната програма за цртање.

6.2. Стандард за наставен кадар

1. Факултет за ликовни уметности - оддел сликарство
2. Факултет за ликовни уметности - педагошки оддел со сликарство.
3. Факултет за применета уметност - оддел за применето сликарство.

Наставниците треба да имаат педагошко - психолошка и методска подготовка на Факултетот за ликовни уметности - Скопје. Стручното лице треба да биде афирмиран ликовен творец.

6.3. Стандард за простор за наставниот предмет

Реализацијата на целите на наставниот предмет **цртање / цртање и сликање** ќе се одвива во ателје, отворен протор и на други места. Училишниот простор - ателје треба да биде опремено со потребната опрема според Нормативот за училиште за применета уметност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработката: април 2000 година.
7.2. Датум на преземање: јуни 2005 година

7.3. Состав на работната група:

1. Тане Луловски, академски сликар, редовен професор на Факултетот за ликовни уметности - Скопје
2. Ангел Гавровски, академски сликар, професор во ДСУПУ “Лазар Личеноски” - Скопје
3. Петре Наневски, академски скулптор, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.9. 2005 година.

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот **цртање / цртање и сликање** ја одобри министерот за образование со Решение бр. 11 - 2555/2 од 11.7.2000 година.